“Македонијатурист” АД Скопје, ул. Филип Втори Македонски бр. 5,1000 Скопје

Врз основа на член 384 став 1 и член 387 од Законот за трговски друштва и член 61 од Статутот на “Македонијатурист” АД Скопје, Управниот одбор на Друштвото објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

за учество на редовна годишна седница на
Собранието на акционери на “Македонијатурист” АД Скопје

Собранието на “Македонијатурист” АД Скопје ќе се одржи во просториите на Хотел “Холидеј Ин” Скопје на ул. “Филип Втори Македонски” бр. 5 во Скопје, на ден 15.04.2020 година (Среда) со почеток во 12:00 часот, со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел:**

1. Отварање на Собранието;
2. Избор на верификациона комисија и бројач на гласови;
3. Избор на Претседавач со Собранието;

**Работен дел:**

1. Извештај од верификационата комисија;
2. Усвојување на записникот ОДУ Бр. 118/19 од 08.05.2019 година изготвен од Нотар Кристина Костовска од Скопје;
3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2019 година, со предлог одлуки:

   Годишна сметка и финансиски извештаи на “Македонијатурист” АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2019 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година;

   Годишна сметка и финансиски извештаи на “Македонијатурист” АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2019 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење;
   - Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година, ревидирани од овластен ревизор;

   Годишен извештај за работењето на Друштвото во 2019 година, со Мислење од овластен ревизор;
   - Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2019 година;

4. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2019 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2019 година;

5. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2019 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2019 година;

**6.** Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2019 година;
- Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2019 година;

**7.** Донесување одлука за распределба на добивка за годината која завршува на 31.12.2019 година;
- Предлог одлука за распределба на добивка за годината која завршува на 31.12.2019 година;

**8.** Донесување одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар за 2019 година;
- Предлог одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар за 2019 година;

**9.** Донесување одлука за избор на овластен ревизор за 2020 година;
- Предлог одлука за избор на овластен ревизор за 2020 година.

Се повикуваат акционерите на "Македонијатурист" АД Скопје, односно нивните законски застапници да го пријават своето учество во работата на Собранието.

Акционерите се должни своето учество да го пријават (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на Собранието. Пријавите да се достават до "Македонијатурист" АД Скопје.

Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учество на Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен или електронски пат. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото www.makedonijaturist.com.mk

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на објава на јавниот повик за одржување на седницата на Собранието, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото www.makedonijaturist.com.mk.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето на Собранието по точките на дневен ред ќе се врши јавно, а одлуките ќе се донесуваат со потребното мнозинство гласови, а за истото ќе биде воден записник.

Увид во материјалите од дневниот ред може да се изврши секој работен ден до 12:00 часот во деловните простории на Друштвото и на официјалната интернет страна www.makedonijaturist.com.mk.

УПРАВЕН ОДБОР НА
"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" АД СКОПЈЕ